РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1008/4
04-05-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот со број 08-3343/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3343/1 од 19.12.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-3343/1 од 19.12.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ------------------- по престанок на функцијата градоначалник на Општина --------------------.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ----------------------- во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанок на функцијата градоначалник на Општина ---------------, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1008/2 од 04.03.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот на ден 10.03.2026 година.

Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** м-р Б.С., советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: S.D. -член/anëtar

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk